## Улогата на организационите единици/одговорните лица за управување со човечки ресурси

Лицата одговорни за управување со човечки ресурси го помагаат процесот на управување со отсуствата преку:

- поддршка на раководителите;
- водење целосна евиденција и статистика за боледувањата и отсуствата на вработените и информирање на раководителите;
- следење на процесот на имплементација на политиката за боледување и отсуства;
- организирање обуки за да помогнат да се разбере политиката за управување со отсуствата;
- ревизија на политиката доколку е тоа потребно;
- помош во организација на состаноците и интервјуата по подолго отсуство.